РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
БИБЛИОТЕКА "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ"

Бр. 04-356/1
27.07. 2026 год.
ОХРИД

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 1/2018) и (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Директорот на Националната установа Библиотека „Григор Прличев“ - Охрид ја донесе следната:

# ОДЛУКА

за избор на кандидат за административен службеник

1. За работното место КУЛ 0102 Г01 004 Самостоен референт, Главен благајник во Административна служба се избира канидидатот Михаела Меркоска.

2. Михаела Меркоска ќе биде вработена на работното место од точка 1 на оваа Одлука, по конечноста на оваа Одлука, за што Директорот ќе донесе Решение за вработување.

3. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

## *Образложение*

Комисиите за селекција за вработување по јавен оглас формирани од страна на Директорот на Агенцијата за администрација со Решение бр.10-1392/5 од 15.06.2026 година за извршување на работните задачи од работното место од точка 1 на оваа Одлука, а по јавен оглас за вработување бр.366/2026 објавен на 08.06.2026 година во дневните весници “Нова Македонија”, “Вечер“ и “Коха”, за работното место КУЛ 0102 Г01 004 Самостоен референт, Главен благајник во Административна служба, спроведе административна селекција за административен службеник и состави Записник од извршена административна селекција бр.10-1392/6 од 25.06.2026 година.

Комисијата спроведе испит за уредните кандидати и состави Записник од спроведениот испит бр. 10-1392/8 од 09.07.2026 година и изврши проверка на веродостојноста на доказите и интервју со кандидатите за наведеното работно место и состави Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју бр.10-1392/9 од 14.07.2026 година.

Комисијата за селекција на вработување по јавен оглас изготви конечна ранг листа со бодување на кандидати од сите фази на селекција и Предлог кандидати за вработување бр.10-1392/10 година за кандидати од сите фази на селекција.

Врз основа на приложената конечна Ранг-листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог кандидати за вработување по јавен оглас 366/2026, Директорот на Националната установа Библиотека „Григор Прличев“ - Охрид изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** ***Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена од објавување на Одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенција за администрација.***

Национална установа - Библиотека
„Григор Прличев" - Охрид
директор,
Христина Трпеска

Доставено до:
-Именуваниот;
-Агенција за администрација;
-Архива.